## Невработеност

Најгорлив проблем на Македонија е невработеноста. Сите знаеме како тоа се случи и не треба “да плачеме на истуреното млеко”. Побитно е што тоа постојано се случува со нашето општество во овие 22 години независност. Се случува и денес.

Невработеноста е поврзана со слабата економија, која не може да ги апсорбира кадрите, кои се произведуваат во средните училишта и универзитетите. Ако на тоа ги додадеме многуте вредни, едуцирани и работоспособни личности, кои се заминати од земјата во потрага по вработување, ситуацијата е уште полоша.

Лек за невработеноста е вработувањето, лек за сиромаштијата е платата, а нив ги нема, барем не како реални вработувања, кои не трошат пари од буџетот.

**Како тоа се лечи?** По нас од АГТИС[1] - Едноставно! Државата (читај: политиката) мора да ги тргне канџите од стопанството и да го остави да се саморегулира во највисока можна мерка. Се разбира, ние граѓаните “тој филм нема да го гледаме долго”. Политиката – нашата политика, долго нема да се откаже од ваквата регулација, заради фактот дека селективната примена на законите и интервенциите се мошне доходовни, а споил системот на владеење тоа го овозможува.

**Состојба со работната сила и побарувачката на работна сила[2]**

Изгледа лесно, но со невработеноста состојбата не е лесно претставлива. Информациите од институциите се разликуваат и не се споредливи помеѓу себе и се гледа дека тоа се прави намерно заради политички причини, но и универзитетите тука имаат удел за да сокријат дека запишуваат студенти заради нивниот интерес (желба, тренд), а не заради потребите на пазарот.

Стапката на невработеност е повисока кај градското, во однос на селското население и е обратно пропорционална на степенот на образование и степенот на квалификуваност.

Пелагонија има голем број големи комапнии од пред 1990 година (бројот на вработени е намален во однос на порано – пред транзицијата), иако МСП и микро претпријатијата се најголеми работодавачи, со над 85%. Исто така, кај МСП може да се препишат уште 3 – 5 % непријавени вработени.

**Стапката на вработеност** за 2008 беше 41,6%, а на невработеност 34,5%. После тоа вработеноста не се зголеми, а се намали невработеноста со вештачки мерки. Тоа може да биде резултат и на разочараноста на трајно невработените, кои преминаа во неактивно население, но секако и дисперзираните студии (заедно со магистратурата) си го сториа своето, па многу невработени станаа студенти и за кратко време се очекува да има огромен број невработени со високо образование. Истовремено, 2/5 од населението од овој регион е надвор од земјата (најмалку), а во универзитетите се запишани најмалку 7.739 студенти во учебната 2007 (сега се повеќе).

Исто така, бројот на вработени варира и од другите државни мерки за самовработување и отворање на МСП (давањето средства за самовработување, во рамките на неколку програми), како и од периодот пред кој овие шпекулативно вработени не смеат да ги затворат овие новоотворени “фирми” (во тоа време тие се водат како вработени). Тука може да се споменат и акциите за намалување на бројот на невработени преку нивно бришење од списоците заради тоа што биле претседатели, заменици... во НВО – и (каква врска има функцијата со примањата – ане е докажано).

На овие бројки влијаат и кампањите и стимулациите, кои државата ги дава за земјоделците, за кои мораат да бидат регистрирани земјоделци. Јасно е дека земјоделството и сточарството биле и се примарна или дополнителна дејност (тутун, житни култури, пиперка, јаболка, одгледување кози, животни за месо...) на населението, но секогаш постои одреден и не занемарлив процент на земјоделци и сточари, кои не се регистрирани како такви.

Ригидноста на законите од доменот на работните односи првично обезбеди поголем процент на вработени, но со време, тие станаа контрапродуктивни. Едноставно, таквата ригидност на законите, кои не дозволуваат пробна работа, ниту договори за привремено вработување доведуваат до низа проблеми, па со мислење сме дека тие се контрапродуктивни одредби, кои доведуваат до повишена невработеност. Се разбира, статистиките се креирани да велат поинаку. Не е утеха ако се каже дека тоа го правеле сите досегашни влади.

---

[1] АГТИС како организација ги поддржува либералните идеологии во економијата.

[2] Структуирани разговори на АГТИС со 37 бизнисмени, универзитетски и средношколски професори, поранешни функционери, раководители во различни државни сектори, со мислија во развојот, државни секретари и сл. личности со експертски статус. Истражувањето е спроведено во рамките на овој проект.

Структурата на понудата на работната сила не одговара на структура на побарувачката на работна сила и во тоа сите се согласни (Агенцијата за вработување, коморите, универзитетите) освен во средните стручни училишта, каде професорите тврдат дека се добро поврзани со пазарот и со барањата на стопанството.
Дали средношколците и факултетлиите учеле залудно?
Едни податоци покажуваат дека во последните 5 години најмногу работа имало за неквалификувана работна сила (текстилци, машински, електро техничари, графичари, градежни работници, општи работници во претпријатија...), а други покажуваат дека најмалку невработени има со факултети и магистратури (тие најмногу и одат во странство на печалба). Газдите на фирми велат дека бараат работна сила со најмалку средно образование, но во практика тие апсорбираат неквалификувани работници, кои ниско ги плаќаат.

Основни **причини за невработеност** има многу, а пак мислењата за тие причини се неброени – зависи од која страна доаѓаат. Се знае кога и како се подигна бројот на невработени, што не можеше да се избегне, со оглед на катастрофалниот состав на менаџерскиот кадар во времето на транзицијата (само во Првата фаза) и ендемскиот криминал, кој беше инициран и стимулиран од самата држава (појава позната како “грабеж на општествениот капитал”). За таа намена беа систематски уништувани сите механизми на државата од Јавното правобранителство, обвинителство, судство, до универзитетите, Службата за општествено книговодство, катастарот...., кои асистираа на грабежот. Трагичноста не е во грабежот, туку во фактот дека најпрво мораа да ја девастираат фирмата до граници да не може да исплаќа плати и придонеси – за да може ниско да се процени имотот, а после тоа, најголемиот број директори на фирмите, кои станаа газди, не знаеа што да прават со фирмите, кои ги украле и со огромниот долг кон политичарите, кои тоа им го овозможиле. Заради тоа продаваа, отпуштаа, наместо да преструктуираат, не едуцираат, не се самоедуцираа, не пробаа да ги сфатат светските трендови и да станат важен субјект на (тогаш) лесниот македонски пазар.
Некои би рекле дека крадците тешко стануваат стопанственици.

Сепак, тажно е тоа што, и денес, најголемиот број граѓани излезот од невработеноста го гледаат во **државата и нејзината интервенција** со стимулации, а помалку од 10% во самовработувањето, отворање на нови МСП, зголемување на конкурентноста на фирмите и сл. Тоа дека АВРМ ја сметаат како потполно неважна при вработувањето, дека немаат никаква доверба во активните мерки за вработување на владите и дека недовербата во политиката е безмерна - не им служи како показател. Зачудувачки се таквите размислувања, дури и од усните на успешни вработувачи. Газдите на фирми (повеќето се МСП) сметаат дека неразвиената економија е една од причините за невработеност. Браво! Ја открија Америка!
На прашањата за квалитетот на работната сила, која им е на располагање, тие велат дека немаат високо мислење. “Децата” од факултет и од средните училишта се практично неупотребливи, освен како физички работници, но со време навлегуваат во работата, со тоа што нивото на грижа за работата и посветеност при работата е минимална и се одржува со минуциозна контрола. Некои од нив стасуваат и до некои менаџерски места во компаниите, но тоа е “од гревот згора”, колку да имаат и газдите малку одмена.
Овие газди признаваат дека мошне лимитирано ги обучуваат овие нововработени, освен за најпрактичните и директни работни операции, не ги праќаат на обуки или тоа го чинат мошне ретко. Најмногу газдите молчат околу тоа колку ги плаќаат тие свои “менаџери”. Настрана од тоа, најмногу се напредува во овие МСП по роднинска линија (така се и вработени), а тоа е и најзастапениот вид критериум за вработување (семејни фирми и фирми, каде менаџментот е роднински поврзан), потоа доаѓаат препораките од пријатели, а скоро никој не побарал информации од АВРМ.
Добро е познато дека вработените имаат многубројни обврски, а маргините на заработка на фирмите дозволува и нови вработувања, но газдите за тоа не се расположени. Во однос на проширување на бизнисот, тие велат дека не е време, со оглед на бројноста на регулативата и слабата администрација, која не обезбедува нејзина правилна, рамномерна и доследна примена (нарушување на конкурентноста на пазарот заради тие нешта). Семоќната партизирана држава (без исклучок – сите институции) е основниот страв на бизнисмените, но тоа го кажуваат на срамежлив и скриен начин. Тие, едноставно, сакаат да прават бизнис, а не да прават бизнис со партиите, заради тоа што веруваат дека таквиот бизнис е неодржлив и тие набргу ќе станат слуги на партиите. Во текот на разговорите слушнавме еден куп такви приказни за фирми, кои ја искористиле партиската блискост, но пропаднале или многу потрошиле од заработеното на политички рекет и тие приказни се познати во деловните кругови и во 1992 и во 2012 година.

Лицата, кои не се бизнисмени, кои имаат своја професија и високо образование (и магистри и доктори), како најсилна причина за неразвиеност на економијата го сметаат недостатокот од странски инвестиции, но не од гледна точка на нови погледи, методи на корпоративно работење, нови производи и методологии, технологија и сл., туку од гледна точка на паричен принос во државата.

Изненадува нивото на **нелиберални гледишта** во стопанството и на универзитетите. Тие полагаат надежи во социјалистичките методи на планирање, па споменуваат изработки на “регионални стратегии”, стратешки планови, активни мерки и други активности за подобрување на вработувањето, каде носител е

владата и државата, а помалку од нив потенцираат неопходност од “мерки за развој и стимулација на МСП”. Ниту еден соговорник не спомена дека токму дерегулацијата, саморегулацијата, отстапувањето на политиката во име на слободата на пазарот, намалување на улогата на државата во регулирањето на пазарот, засилената контрола на пазарниот амбиент, аштитата на законитоста, јакнењето на судската независност, формирањето на стопански судови, гилотинирањето на економските закони.... се оној вистински ресурс за развој. Тие, како и најголемиот дел од населението во бизнисмените гледаат криминалци и немаат никави симпатии кон нив, а истовремено се залагаат за развој. Навистина, комунизмот во нашите глави долго време ќе не следи, а за политичарите овие предубедувања се “мека” за величење на сиромашните, во исто време кога тие се богатат.

Ниските плати на вработените биле силен демотивирачки фактор за појава на неактивно население и небарање работа на помладите од 25 години (најмногу невработени има од 25 – 29 години).

Во поголемите фирми вработените се подобро платени, раководниот и мини – раководниот кадар се платени далеку над просекот во Македонија, а имаат воведено и завидни системи на обуки, специјализации, системи за мотивација и сл. Сепак, тие се ретки.

Процентот од профитот – неменет за обука е мал и кај нив, а кај повеќето МСП не оделуваат средства за тоа (праќаат луѓе на обука само кога мораат, односно кога се на тоа обврзани со подзаконските акти, кои ги обезбедуваат инспекторатите). Тоа говори за недостатокот на свест за потребата за постојана обука и остручување на вработените иако знаат примери за фирми, каде таквата обука им донела голем бенефит на одредни фирми. Тоа е и нивниот лимит во развојот на фирмата (ако самите не можат да контролираат, тие не се дрзнуваат да се шират, па да мора да имаат систем на контрола од нероднински менаџери).

Едноставно, тие велат дека недостатокот на време е основна причина заради која се избегнуваат обуки на повисокиот корпоративен менаџмент, а велат и тоа дека вработените не се многу заинтересирани за тоа.

**Невработените** не се расположени да си ги плаќаат обуките, за кои (најголем дел) мислат дека се тие потребни, но не се сигурни колку тоа ќе им помогне во вработувањето. Тие имаат и одреден степен на резерва кон квалитетот на предавачите на разно - разни обуки и практичноста на истите (насоченоста кон одредена индустрија и/или работни места). Тие сакаат трошоците за обуката да бидат прокриени со донаторски средства, или дека прво треба да се вработат, а потоа работодавачот да ги покрие трошоците за обука.

Околу **редовната средношколска насочена настава и факултетските програми** има огромен број различни мислења. Поголемиот број од нив велат дека методологијата на едукација и изборот на темите е комплетно промашено, посебно за оние, кои сакаат да работат независно и да отворат сопствен бизнис. Истото важи и за нивото на практика, поврзаност со потребите на одредени фирми, на кои една струка природно гравитира. Факторите од средните училишта и факултетите тоа го негираат, а поголемиот дел од компаниите никогаш не биле прашани за тоа какви кадри и кои професии им се потребни.

Тоа ја открива стратегијата на универзитетите и средните училишта: Запиши што повеќе, не води грижа за нивото на знаење и наставни методи, квалитетот на професори и наставници... Се разбира, целта се буџетските средства и школарината.

Учениците и студентите избираат што да учат врз основа на тоа што им се допаѓа како професија (популарност и тренд), без да водат грижа за вработувањето и да собираат сознанија за состојбата на пазарот на трудот. Тие дури и не се грижат нивното средно образование да им е поврзано со факултетот, за кој во 100% рекле дека ќе продолжат со школувањето после средно училиште, а студентите во 40% би продолжиле на магистратура (12 % би сакале да имаат и унверзитетска кариера).

Врската на видот школување и насоката на школување на ниту еден начин не се поврзани во свеста на ученикот со идното вработување. За самовработување и/или отворање бизнис, биле само 14 % од учениците. Една половина студенти би се вработила кај кај друг, а 9 % знаат и каде.

Показателите на АВРМ и Бизнис старт ап центарот од Битола покажуваат дека како дефицитарни кадри се појавуваат економистите[3], градежни инженери и програмери, од кои се бараат и знаење странски јазик (пред се англиски) и познавање на работа со комјутери. Ние наоѓаме дека способни кадри има малку, а во 55 – те интервјуа, кои ги направивме за барање двајца волонтери, кои АГТИС би ги вработил во рок од 1 месец после волонтирањето, не наидовме на вистински кандидат (од средношколци до магистри).

Околу **насоката во која нашата економија треба да се развива**, односно каде треба државните напори и субвенции треба да се насочат, наидовме на многу чудни идеи.

На пример, туризмот, кој бара наједуцирани кадри и највисоки инвестиции, па дури и сјајни инфраструктурни предуслови (кои, се разбира, ги немаме), беше еден од фокусните точки на нашите испитаници. При тоа сите говореа за нашите мани како за предности, а сите фактори беа прецenети и нереално поставени. Тоа истото го имаше и во стратешкото планирање за Планскиот регион (инсталациите на овој плански регион и агенцијата ПРЕДА креирале СЊОТ анализа за тоа), па се прашуваме на што се должи таквото квазинаучно истражување.

[3] Дека економистите се дефицитарни не веруваме

Едноставно, овој регион нема ниту една конкурентска предност со било кога во Македонија и во регионот, во однос на туризмот. Веројатно се работи за долго повторувана лага, која се одомаќинила или тоа се должи на ЕУ проектите за пограничните региони со Албанија и Грција и другите европски програми од минатото, кои разните форми на туризам ги стимулираа, а самите проекти (ги погледнавме) не би издржале ниту најлетимична контрола на самоодржливост[4] и остварено влијание. Ако на тоа се стави фокус и се потрошат домашни пари (странските средства се секако небитни, затоа што се мошне мали за да предизвикаат реално влијание, а и нема доволно мотивиран и едуциран персонал да ги спроведе доследно), тоа секако би се одразило на разочарување на сите оние, кои би биле отпуштени после престанокот на донаторското финансирање (крај на проектот).
Не постои универзитет каде се учи вистинско проектно планирање и дефинирање и на учениците им е подобро да учат проектен циклус во одредни НВО – и и во политичките партии, отколку на универзитетите. Тоа дава слика и за структуирањето на добрата идеја – ако воопшто ја има, во проектен финиш.
Во последно време стопанството пријатно не изненадува со силни проекти, кои се видливи и влијателни.

Насоките кон рурален развој, со цел да се смали невработеноста се коси со современите трендови на развој во светот. Имено, во светот владее правилото на алоцирање на специфични човечки ресурси на специфични места, а не на "рамномерен" развој, кој постојано се споменува, но не сме сигурни на што се мисли при тоа. Тоа е далеку и со насоките на УНДП за човековиот развој, кој помалку заличува на марксовите "производни односи". Само интересот може да го мотивира човекот да остане на село. Процентот на родители на село, кои би ги пратиле децата да студираат било што (да се има факултет) не е ништо помал од оној во градот.

Кои би биле **насоките** за намалување на невработеноста во Пелагонија (како што на тоа традиционално се гледа од светот на науката и политиката)?

1. Обуки за невработените за бизнис и претприемништво[5]
2. Обуки за преквалификација или доквалификација[6]
3. Обуки за започнување сопствен бизнис[7]
4. Обука за комуникации и презентациски вештини[8]
5. Информирање[9] на средношколците за пазарот на труд
6. Информирање[10] на студентите за состојбата на пазарот на трудот,
7. Осовременување на факултетските програми[11], курикулуми...согласно пазарните потреби,
8. Едукација за новите пазарни трендови[12] и потреби,
9. Пракса во фирмите и фул – контакт на учениците со работата
10. Постојана и дефинирана соработка на деловниот сектор, универзитетите[13], коморите, средните училишта и сите други стејкхолдери

[4] Тоа не се проекти, кои се добиваат заради нивниот квалитет, офанзивните и јустифицирани активности, иновативност и слични внатрешни карактеристики на проектот, туку тие се добиваат на база на лобирање. Тие се најчесто на граница на проектна писменост, без дефинирани стратешки елементи (вертикална логика на проектот) и се гледа на нив од номинална гледна точка, затоа што другото не е ниту битно. Сте чуле ли на ТВ за некој таков успекшен проект. Секоја чест на 2 спротивни случаи во Македонија.
[5] Ги имало многу и досега тие служеа за грабеж на проектите, посебно во случајот на НЕПА
[6] Ако невработениот не е демотивиран, ако обуките се квалитетни и изведувани од луѓе од стопанството, а не од универзитетите, многубројните владини агнеции...
[7] што тука воопшто би се учело, кога секој книговодител тоа може многу поубаво, поточно и пофокусирано да им го објасни на невработените
[8] Авторот на овој текст бил барем на 17 такви обуки и само една, која ја спроведе МЦМС имаше квалитет, а другите беа губење време. Не може да постои успешна општа обука за комуникациски вештини, која не е стриктно поврзана со одредено работно место и која не е 90 % тренинг, рол плеј, а само 10% теорија (соодносот е вообичаено спротивен)
[9] редовно, блиско до корисникот, фокусирано, интересно, продуховено, ангажирано и НЕ од АВР и/или Владата на РМ
[10] не од професорите, од АВР или од Владата
[11] Полесно е да се најде златна рипка, отколку да се осовременат програмите. Ние бевме сведоци на сите досегашни "реформи за подобрувања", кои неславно завршија. Не постојат промени, кои нема да поминат низ месото (нови луѓе). Прашањето е јасно: Кој професор од странство би дошол во земја, каде нема систем, да предава? Кој ќе го воведе системот? Со која универзитетска и политичка волја? Зошто студентот би отишол на факултет, каде мора да учи, а не на факултет, каде ќе си го купи факултетот без учење? Зошто студент би платил скап факултет, на кој треба и да учи, а сите критериуми за врботување и напредување се исклучиво партиски? Која фирма би го платила тој студент адекватно (ако се воведе таков универзитет кај нас, школарината би морала да биде барем 7000 Евра годишно + книги + стан + патувања за размена + потребна опрема за реализирање на проектни задачи, истражувања и сл), ако тој потрошил за 4 години барем 40.000 Евра?
[12] Сите нив ги има на интернет и студентот, ако сакал, не мора ниту да се едуцира. Такви предавачи кај нас се на ниво на контемплативна јога гуруи.
[13] Такво нешто не е возможно, затоа што универзитетите не се компатибилни во таквата соработка. Само бизнис заедницата може да иницира таква соработка со универзитетите на деловна, односно проектна основа.

11. Едукација и тренинг за проектно планирање, раководење со проектен циклус
12. Сет едукации од НВО – ите (социјални вештини, справување со конфликти, институционален развој и организациско јакнење, раководење со тимови, лидерство и деловно лидерство...)
13. Сет едукации за менаџери и наставни методи и практики, земени од странски признати универзитети (маркетинг, менаџмент)
14. Едукација за правна економија[14]

Предлог мерки од Бизнис старт ап центарот – Битола:
- Вклучување на сите релевантни страни за промена на состојбата со пазарот на трудот[15],
- Креирање мерки за развој и стимулација на МСП[16],
- Искористување на потенцијалите за развој на туризмот и на земјоделството,
- Креирање регионални[17] и општински мерки за развој на руралните средини и подобрување на квалитетот на живеење во селата,
- Планирање соодветни мерки за зголемување на економската активност кај жените[18],
- Организирање обуки за преквалификација, доквалификација и започнување на сопствен бизнис, на долгорочно невработените лица[19],
- Креирање регионални и локални мерки (обуки за преквалификација и доквалификација, бизнис обуки, обуки за стекнување на вештини кои ги бараат работодавачите)
- Дисеминација на резултатите за потребите на пазарот на трудот,
- Подобрување на соработката помеѓу образовните институции и бизнис секторот,
- Соработка помеѓу бизнис сектрот, за подобрување на конкурентноста и поуспешен заеднички настап на пазарите надвор од Македонија, и
- Одржување на конкурентска предност[20] на компаниите, преку инвестирање во обуки за вработените.

Ние од АГТИС цениме дека слабата улога и постигнувања на ЕЛС во создавањето услови за стопански развој во целата држава, а посебно во руралните општини е (во најголем дел) резултат на **неекономски фактори**, како што се:
- Потполна партизираност на ЕЛС и негативна селекција на кадри на раководни структури
- Неефикасност, колизивност и недореченост на локалните процедури
- Свесно избегнување законски процедури
- Негативна селекција на административните кадри во ЕЛС
- Нивото на криминал во ЕЛС,
- недостаток на институционална соработка
- недостаток на меѓуопштинска соработка
- неприменети принципи на субсидијарно решавање на проблемите, односно надлежностите на ЕЛС
- Системски криминал
- Неефикасност и корумпираност на судството

**„Пазар на трудот во Пелагонискиот регион"**

| Поими | Објаснување | Објаснување |
|---|---|---|
| **Долгорочно невработени** | Не работат подолго од 8 години | Ограничени можности за преквалификација и доквалификација, слаба запознаеност со активните мерки за самовработување |
| **Хиперпродукцијата на непотребни кадри** | Школувани кадри, за кои нема интерес на стопанството и не се обучувани со намена за | Кадри кои немаат или имаат мала пракса во реалниот бизнис, не се запознаени со потенцијалните работодавачи, не го познаваат |

[14] Никој тоа не го предава кај нас. Професорите велат дека тоа би била фантастично добра обука, но не знаат професор, кој го владее деловното право во Македонија, а посебно многуте закони, кои ги обезбедуваат инспекторатите.
[15] Што ова би значело не можеме да протолкуваме. За што би служела таквата соработка на сите релевантни фактори?
[16] Тие не споменаа ниту една мерка. Какви се тие мерки? Кој треба да ги креира? МСП не можат да работат успешно од други причини, кои се поврзани најмногу, со правната несигурност и пристапот до финансии.
[17] Општините немаат ниту реална соработка, која е номиналната и во рамките на Планскиот регион и ЗЕЛС, а камоли да го подобруваат квалитетот на живот во селата. Зошто тогаш државата не им го даде земјоделското земјиште на стопанисување на руралните општини? Како руралните општини да подобруваат нешто, кога не можат да ги остварат ниту надлежностите, кои им се делегирани со закон?
[18] Во оваа реченица се гледа целата безидејност на ова "планирање".
[19] Долгорочно невработено лице да отвори свој бизнис? Ова е веројатно шега.
[20] Ниту за една конкурентска предност авторите не кажаа. Кои се тие предности?

| | | |
|---|---|---|
| | вработување, а не се обучени ниту за водење сопствен бизнис | бизнис секторот во регионот |
| **Базирана претпоставка БП** | Нумерички и квалитативни показатели, кои произлегуваат од статистиките, трендовите и движењата на пазарот, а не се експлицитно изнесени | За светот на политиката податоците и статистиките се само материјал за толкување, па ако не одговараат, се менува методологијата на собирање, за тие да не бидат споредливи со други – кои не им одговараат. Во тој процес се замешани и институциите. |

Во Пелагонија поразвиени се индустријата за преработка на храна, текстилната[21], графички фирми, и они за печатење, рудници и преработка на руди (мермер[22]).

Аналитичарите тврдат дека има многу малите расцепкани земјоделски површини, неискористеноста на расположливото обработливо земјоделско земјиште, технолошката назаденост и нискиот степен на едукација, вештини и пристап до информации, кај поголем дел од земјоделците.

*Ние цениме дека тоа не е вистинската состојба, заради тоа што над 20% од земјиштето во Пелагонија им припаѓаше на големи комбинати и не се тоа мали парцели, а други фактори влијаат на неискористеното земјиште и степенот на едукација. Тука најмногу мислиме на мошне слабото менаџирање со државните парцели (Земјоделско земјиште) и потполното девастирање на системот на субвенции, кои, наместо да бидат нмотор на развојот, станаа генератор на криминал.”Колачот” со менаџирањето со тоа земјоделско земјиште е толку голем, што ниту руралните општини не можат да го добијат на управување, туку, за нивна сметка, тоа го прават урбаните општини.*

| | **%** | **Година** | **Бројка** |
|---|---|---|---|
| Удел на микро претпријатија спрема сите регистрирани деловни субјекти | 86 | | |
| Средни претпријатија до 50 вработени | 3,9 | | |
| Претпријатија со 50 – 250 вработени | 2 | | |
| Удел на регистрираните претпријатија во Пелагонија од оној на РМ | 12 | 2008 | |
| Удел на претпријатија со над 250 вработени во Пелагонија спрема РМ | 15 | | |
| Вработени во индустријата – спрема сите други во регионот | 82 | | |
| Вработени во земјоделството | 13 | | |
| Вработени во услужните дејности | 5 | | |
| Инвестиции во основни средства – земјоделие - спрема цела РМ | 17 | | |
| Инвестиции во основни средства – индустрија, рударство, енергетика - спрема цела РМ | 13 | | |
| Инвестиции во основни средства – градежништво и трговија, угостителство, сообраќај - спрема цела РМ | 3 | | |
| Вработени во Пелагонија | | 2008 | 77.500 |
| Невработени во Пелагонија (ДСЗ) | 34,5 | 2008 | 41.000 |
| Економски неактивно население во Пелагонија (над 15 годишна старост) | | | 67.900 |
| Вработени на определено време | 74 | 2008 | |
| Вработени на неопределено време | 26 | 2008 | |
| Удел на невработени во Прилеп, од вкупниот број невработени во Пелагонија | 47 | 2008 | |
| Лица кои чекаат работа повеќе од 8 години | | | |
| Невработени подолго од 1 година | 83 | | 39.700 |
| Невработеност кај неквалификувано население од вкупниот број во Пелаг. | 44 | | |
| Невработеност кај лица со средно образование од вкупниот број во Пелаг. | 25 | | |
| Невработеност кај квалификувани работници од вкупниот број во Пелаг. | 19 | | |
| Невработеност кај високо образовано население од вкупниот број во Пелаг. | 7 | | |
| Невработени од 15 – 24 години | 13 | | |
| Невработени од 25 – 29 години | 13 | | |
| | | | |

[21] проблемот кај оваа гранка е што најчесто се работи на ЛОН прозиводство

[22] мермерот во најголема мера се продава како суровина или како полупроизвод, а само мал дел се обработува

**Барани занимања**

**Основно и средно образование:** конфекционери, шивачи, крзнари, бравари, заварувачи, ѕидари, тесари, молери, ракувачи со градежни машини), продавачи, техничари од медицинска струка (сестри, протетичари, фармацевти, лаборанти...), програмери и поправки на компјутери

**Високо образование**: инженери по информатика и автоматика, медицинари и фармацевти,

**Дополнителни вештини**: Англиски јазик, поседување возачка дозвола и компјутерски вештини (посебно се цени повисока категорија на возачка дозвола, искуство во превозот и транспортот, возачка за градежни и други машини).

Лицата со средно образование (насочено – базирано на индустриски работници, занаетчии и сл) се најбарани на пазарот, а најмногу се вработуваат лицата после 30 година, но не се бараат многу оние над 52 години.

**Вишок кадар**: правна струка, економисти, педагози, социолози, административци, наставници и професори, сообраќајни инженери, машински техничари, еко инженери, сметководители, преведувачи, лица со одбрана и заштита.

Ова не може да се земе здраво за готово, заради тоа што сите овие кадри, кои се произведуваат во средните насочени училишта и на факултетите **се неупотребливи за стопанството** (не знаат ништо, немаат работни вештини, посветеност, ниту елементарни знаења во струката) и потребно е компаниите да инвестираат во нив, ако сакаат нив да ги внесат во системот на компанијата – како корисни кадри. Тоа фирмите го избегнуваат заради тоа што наидуваат на многу ниско стартно ниво на овие невработени, па не се сигурни дека од нив ќе створат кадар. Сите доволно способни невработени[23], кои пред работодавачот ќе демонстрираат знаење, бистрина, работливост, вештина и посветеност, па дури и да се примени како општи работници, одма можат да најдат вработување, заради тоа што ниту еден сопственик на фирма нема да пропушти да прими таков кандидат, затоа што сите – без исклучок рекоа дека “и покрај огромниот број невработени – квалитетна работна сила, квалитетна стручна сила, надарени поединци, кои сакаат да работат – нема на пазарот”.

Сопствениците на фирми имаат многу замерки на системите за вработување и самовработување. Така, тие велат дека државните активности за поттикнување на вработувањето се потполно промашени и не служат да го намалат бројот на невработени, туку да се подобрат статистиките за вработеноста. Тие не веруваат (слични мислења имаа и професорите, непартиските личности, интелектуалци...) во вистинската волја на оваа држава и нејзините институции да направи нешто позитивно и драматично во стопанството. Тој недостаток на државна волја се гледа низ многу нејзини активности:

- Агенциите, кои треба да се занимаваат со развој, вработување, планирање... се со вработени и раководители од партиските листи и немаат ниту елементарно знаење за она што го работат. Каде тие си ја научиле својата работа, па сега да ја работат успешно[24]?
- Плановите за развој (од оние од владините стратегии за развој, економски стратегии, плански акти на Планскиот регион, општинските планови....) се номинални, некорисни и дури и смешни
- Деловната клима е катастрофална во врска со стимулирањето на МСП (многубројни и високи давачки, нејасна, ригидна, непозната, преобемна и често менувана законска и подзаконска регулатива, неинформирање на стопанствениците за промените, нееДуцирање на стопанството за промените, насоките и многу друго),
- Некористење на институтот “даночен кредит” за фирмите да не бидат ликвидирани
- Тежок пристап до кредитни пари, скапши кредитни пари
- Корупција кај јавната администрација, инспекциските служби (пример со земјоделските субвенции)
- Толерирање сива економија
- Нерамноправност на пазарот заради партиски влијанија (од инструментализирањето на инспекциските служби, до тендерите и изборот на добавувачи, извршители, користење на влијание во стопанските спорови и сл)
- Ригидна законска регулатива, која се употребува во судските спорови, слаб систем на проценители, слабо и корумпирано судство
- Нетранспарентност на регулаторни тела и чести поскапувања на репроматеријали, енергија и сл

---

[23] кои сакале да научат иако школскиот и/или универзитетскиот систем тоа не го барал од нив, односно, тие се пропуштаат низ школскиот систем иако ништо нема да одговорат на тестовите, колоквиумите, испитите.... заради тоа што, ако не ги пуштат никој нема да се запишува на нивните факултети, односно во средните училишта во идната школска година (средношколците се информираат каде ќе си поминат најлесно и ќе стекнат диплома без учење).

[24] Класичен пример е НЕПА, која беше наградена за сопствените неуспеси и огромните залудно потрошени средства, кои беа поголеми од 220 милиони евра. Кога тоа се констатира и државата призна за овој неуспех, истата агенција ја прекрстија и ги оставија истите луѓе да продолжат со пљачката.

- Нељубезност, спорост, тромост, невоспитаност и неверојатно незнаење на агенциите и администрацијата, која треба да биде сервис на стопанството (од овој турнус може да се оддели само Централниот Регистар и катастарот)
- Универзитетите државата не ги обврзува да стимулираат практика во фирмите, интеракција со фирмите и уважување на потребите на пазарот

**Владата на Република Македонија** спроведува цело време активности од Оперативниот план за активните мерки и програми за вработување. Како проекти можат да се издвојат

1. Програма за формализирање на постојните бизниси[25]
2. Програма за самовработување[26] на одредени целни групи
3. Програма за подготовка за вработување: Едукација за старт на сопствен бизнис, Преквалификација или доквалификација за познат работодавач, Стекнување знаења и вештини за странски јазик и компјутери, Обука за дефицитарни вештини.
4. Програма за субвенционирање вработувања за инвалидни лица, самохрани родители, деца без родители, млади родители, брачни парови со 3 или повеќе деца, на постари лица над 54 години, на невработени стечајци, или кои станале технолошки вишок, други категории ранливи и групи под ризик.
5. Програма за поддршка за вработување Роми
6. Програма за практикантство и лица кои се во завршна фаза на студии

Ова не се лошо осмислени програми, иако им е фазата на имплементација мошне слаба, со видливи слабости (квалитет на обуки, неофанзивна мотивација, непрактични, неточни и теориски информации и едукации, недостаток на мониторинг на донациите, немерење на ефектите на дадените средства, фингирана евалуација на резултатите...) но само деловниот сектор може да даде вистински решенија за проблемот на невработеноста, а за тоа државата мора да има волја. Вака, овие мерки личат на социјалистичките мерки за намалување на невработеноста (Акции за вработување) од 1982 година, кои и ги уништија веќе солидно етаблираните и зајакнати институции на системот.

[25] За оние, кои веќе вршат дејност (3.000 денари за регистрација на дејност, 153.000 денари за регистрација, опрема и репро материјали, придонеси за првите 3 месеци - 13.500 денари.

[26] Подигање свесност за самовработувањето, изготвување бизнис планови, обука на невработени лица за претприемништво, помош при регистрација и субвенција за започнување (добиваат по 166.500 денари директна поддршка за опрема, репроматеријали и др., за придонеси за социјално осигурување за три месеци, а пак за 16.900 денари им даваат ваучер за едукација.